Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ
----------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**за достапност на документ и јавна расправа**
**План за управување со животна средина и социјални работи (ПУЖССР)**
**за под-проектите:**

**Реконструкција на ООУ „Кузман Јосифоски Питу“ Кичево, ЦОУ „Реџо Рушит Зајази“ с. Зајас, ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево и ПОУ „Санде Штерјоски“,  Кичево со мерки за енергетска ефикасност**

Во рамки на “Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ” кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, Општина Кичево аплицираше со барање за финансирање на под-проектот за:

- Реконструкција на ООУ „Кузман Јосифоски Питу“ во Кичево со мерки за енергетска ефикасност
- Реконструкција на ЦОУ „Реџо Рушит Зајази“ во с. Зајас, општина Кичево со мерки за енергетска ефикасност
- Реконструкција на ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“ во Кичево со мерки за енергетска ефикасност
- Реконструкција на ПОУ „Санде Штерјоски“  во Кичево со мерки за енергетска ефикасност

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беа подготвени документи “План за управување со животна средина и социјални работи” во кои се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од планираните активности на под-проектите. Овие документи се поставени за јавен увид на официјалните веб страници на ден 29.10.2024 година:

- Министерството за финансии Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk и на
- Општина Кичево http://kicevo.gov.mk/

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 30 дена од поставување на документите на веб страниците, преку пополнување на формуларот кој е достапен на следниот линк:

https://kicevo.gov.mk/izvestuvanje/

Во текот на периодот наменет за јавни консултации за ПУЖССР, ќе се одржи и јавна расправа за документите, на **01.11.2024 (петок) со почеток во 13.00 часот во Салата за Совет при Општина Кичево,** со следниот дневен ред:

Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ
----------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Воведен збор на претставник од Единицата за спроведување на проектот при Министерство за финансии за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (претставник од ЕСП/МФ) - 10 минути
2. Краток осврт на проектните активности од страна на консултантскиот тим за изработка на техничката документација (Заедничко вложување Инком инженеринг ДООЕЛ Скопје и ТП АНТЕВСКА Куманово) – 10 минути
3. Краток осврт на документите "План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектот" (претставник од консултантскиот тим за изработка на техничката документација) – 20 минути
4. Дискусија.

Датум на објава29.10.2024

**Министерството за финансии**
**Единица за спроведување на проектот**